**20211452395**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 21-а став (10) од Законот за волонтерството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/07, 161/08 и 147/15 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 103/21), министерот за труд и социјална политика донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ИЗРЕЧЕНИТЕ ИНСПЕКЦИСКИ МЕРКИ ОПОМЕНИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на евиденција за изречените инспекциски мерки опомени.

Член 2

Евиденцијата за изречените инспекциски мерки опомени се води во електронска форма.

Евиденцијата од став 1 на овој член, содржи рубрики за: реден број, број и датум на решението со кое е изречена опомената, име и презиме на лицето кое го сторило прекршокот за кој се изрекува опомена, живеалиште/престојувалиште, назив и седиште на работодавачот, кратко означување на видот на прекршокот за кој се изрекува опомената, име и презиме на инспекторот за труд кој ја изрекол опомената и забелешка.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-4297/5
25 јуни 2021 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Јагода Шахпаска**, с.р.